Михајло МИНОСКИ

# ДВА ДОКУМЕНТИ ОД 1899 ГОДИНА ЗА ТАЈНАТА КОРЕСПОНДЕНЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Од архивската граѓа на Сојузниот секретаријат за надворешни работи во Белград, од документацијата на Генералниот конзулат на Кралството Србија од Скопје[1]) претставуваме еден извештај на конзулот Милосав Куртовиќ до претседателот на владата и министер на надворешните работи д-р Владан Ѓорѓевиќ во Белград, во прилог на кој доставува еден документ со неколку шифрирани азбуки употребувани од Централниот комитет на Македонската револуционерна организација при тајната кореспонденција.

Тајната пошта на Револуционерната организација[2]) започнала да функционира по Солунскиот конгрес во 1896 година кога Организацијата веќе била изградена, а нејзината мрежа разгранета. Организирањето и функционирањето на тајната пошта било спроведено согласно одредбите од правилниците на Револуционерната организација[3]).

За обезбедување целосна сигурност на тајната кореспонденција веднаш се наметнала потреба од шифрирање на писмата. Во 1896 година, според кажувањето на Ѓорче Петров, во Солун и во Битола едновремено биле изработени две шиф-

---

1) Дипломатски архив Државног секретаријата иностраних послова ФНРЈ (ДА ДСИП) — Београд, Фонд: Политичко одељење (ПО), Српски краљевски генерални конзулат, Скопље, Пов. бр. 266/10 маја 1899 године (Архив на Македонија М. 451)

2) За тајната пошта види: Лазо Т. Киселинчевъ, Пощенската служба при Вѣтрешната македоно-одринска революционна организация преди Илинденъ. — Илюстрациъ Илинденъ, София, 1936/VIII, кн. 7(77), с. 8—10; д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893—1903), Скопје, 1981, с. 183

3) Архив на Институтот за национална историја — Скопје, (Сл. I 355); Иван Катарџиев, Два правилника на ВМРО од предилинденскиот период. — Историја, Скопје, 1965/I, бр. 1; д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење., с. 144 и 205

ри[4]). Прва била употребена битолската, за која Ѓорче вели дека тој лично ја составил[5]). За основа на шифрата била земена латиничната азбука[6]).

Централниот комитет водел шифрирана кореспонденција со задграничното претставништво во Софија и со окружните комитети. Окружните и месните комитети применувале свои шифри за допишување[7]).

За обезбедување на тајноста се преземале строги мерки. Централниот комитет издал специјални инструкции за обезбедување на тајноста на кореспонденцијата што се сметала за „апсолутна тајна"[8]). За најважната кореспонденција покрај шифрирањето се употребувало и хемиско мастило[9]). Дешифрирањето се вршело од лица на кои им бил доверен клучот и начинот на дешифрирањето[10]).

Централниот комитет ги менувал шифрите повремено, а посебно во случаите кога некое писмо било запленето од властите[11]). До 1903 година односно до Илинденското востание, според податокот што го дава Ѓорче Петров, биле заменети „до девет шифри"[12]). Познато е дека во почетокот на 1897 година Централниот комитет ја променил шифрата за врска со Задграничното претставништво и со окружните комитети. Имено, во март 1897 година Ѓорче Петров заминувајќи за Софија, за член на задграничното претставништво[13]) носел „нова шифра за врска со ЦК во Солун"[14]). По Виничката афера од крајот на 1897 и почетокот на 1898 година шифрата била заменета со друга, што била во употреба до почетокот на 1899 година. Во јануари 1899 година и таа шифра била заменета со друга[15]). До овие шифри дошол српскиот конзул во Скопје Куртовиќ и ис-

---

4) Спомени на Ѓорче Петров, Скопје, 1950, с. 25

5) Истото.

6) Истото.

7) Познати се 10 такви шифри (Лазо Т. Киселинчевъ, Тайнописьтъ на вѣтрешната македонска рев. организация преди „Илинденъ". — Илюстрация Илинденъ, София, 1939/XI. кн. 9 (10:), с. 2—3)

8) Л. Киселинчевъ, Пощенската служба..., 9

9) Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење, с. 183

10) Лазо Киселинчев, Пощенската служба.., с. 9

11) За тоа во спомените на Ѓорче Петров се вели: „Примивме ред кога некое писмо со една азбука се плени и се открие или кога некој од посветените падне и може да ја издаде, да се смени шифрата" (Спомени на Ѓорче Петров.., с. 25)

12) Спомени на Ѓорче Петров.., 25

13) Истото; д-р Манол Пандевски, Дејноста на ВМРО за воспоставување надворешни и внатрешно-политички врски... — Гласник, бр. 2, 1959, с. 170

14) ДА ДСНР ф.: Српски краљевски генерални конзулат Пов. № 266/10 маја 1899, Милосав Куртовиќ до д-р Владан Ѓорѓевиќ.

15) Истото, Пов. № 266/10 маја 1899, прилог: Речник бугарског комитета.

тите ги доставил во препис до претседателот на владата и министер за надворешни работи во Белград, д-р Владан Ѓорѓевиќ, како „Речник на бугарскиот комитет"[16]). За владеачките кругови на Кралството Србија кои во тоа време настапувале со отворени територијални претензии во Македонија и ја интензивирале големосрпската пропаганда, не постоел македонски народ па според тоа ни македонска револуционерна организација, оттаму „бугарски комитет".

Овие три шифри се само уште една потврда[17]) на податокот што го дава Ѓорче Петров дека од Централниот комитет на Револуционерната организација во предилинденскиот период биле во употреба „до девет шифри".

Док. 1

Извештај на српскиот конзул Милосав Куртовиќ, од Скопје, до претседателот на владата и министер на надворешните работи д-р Владан Ѓорѓевиќ во Белград, за тајната кореспонденција на Револуционерната организација.

Скопски кралски генерален
конзулат

Пов. бр. 266 Скопје, 10 мај 1899 година

На господинот, господин д-р Владан Ѓорѓевиќ, претседател на министерскиот совет и министер на надворешните работи
во Белград

Господине министер претседателе,

Дојдов до тајниот речник на бугарскиот комитет.* Уште не успеав да дојдам до некое писмо пишувано според него за да можам да се убедам во неговата веродостојност и исправност. Но, сепак, судејќи според изворот од каде го добив, сметам дека е вистинит.

Составен е главно од латинични букви, а има и некои посебни знаци.

Имам чест да Ви доставам во прилог препис на тој речник што е сега во употреба, а воедно и преписи на тие што се употребувале до Виничката афера и до почетокот на оваа година.

---

16) Истото.

17) Две шифри на Централниот комитет на Револуционерната организација објави Л. Киселинчев до 1939 година (Л. Киселинчевъ, Тайнеписътъ на Вътрешната македонска рев. организация.., с. 2)

*) Македонската револуционерна организација

Ако имате добиено такви речници од друга страна, Ве молам да ме удостоите со одговор дали се овие идентични со нив.

Ве молам и во оваа прилика да примите изрази на уверување за моето почитување.

ДА ДСИП ФНРЈ, Фонд: МИП ПО
Ф. IV. 1988. СКГК (АМ—М. 451)

Милосав Куртовиќ

## Док. 2

Шифрирани азбуки на Централниот комитет на Македонската революционерна организација.

В. факсимил на стр. 233.

ДА ДСИП ФНРЈ, Фонд: МИП ПО
Ф. IV. 1899 СКГК—СКОПЉЕ
(АМ—М.451)




*Факсимил од шифрираната азбука*